**Записник**

од петтата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација

одржана на ден 20.05.2019 година со почеток во 11:00 часот

во сала за состаноци на Кабинетот на МИОА

**Присутни:** Александар Бајдевски (МИОА – заменик министер - раководи со Секретаријатот за РЈА); Билјана Николовска Жагар (МИОА – заменик член); Лидија Цветановиќ (МбРКОТ – член); Ардита Дема Мехмети (ЗЕЛС – заменик член); Тања Стаменова (ГС – член); Татјана Трајковска (МФ-член); Снежана Наџаковска (СЗ-член); Маја Маљановска (МП – член); Миланчо Успрцов (АА – член); Јулијана Караи (СЕП); Мирјанка Алексевска (МТСП – член); Пламен Георгиевски (МЛС – член); Љупка Ивановски (МИОА); Елена Манчева (МИОА); Огнен Граорковски (КПВРСМ – член); Гордана Г. Димитровска (МИОА); Кристина Димовска (МИОА); Стефаниа Стафила (МИОА).

Петтата седница на Секретаријатот за РЈА започна со воведно обраќање од страна на заменик министерот за информатичко општество и администрација Александар Бајдевски, кој воедно и раководи со Секретаријатот за РЈА.

Потоа, се пристапи кон усвојување на дневниот ред и дискусија по точките од предложениот Дневен ред:

1. Усвојување на предлог Дневен ред.
2. Усвојување на Записникот од четвртата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација, одржана на ден 20.02.2019 година во 11.00 часот.
3. Разгледување на Првиот годишен извештај за 2018 година за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација со Акциски План 2018 – 2022 година и дискусија.
4. Реорганизација и оптимизација на органите на државна управа, агенции и инспекциски служби.
5. Висока раководна служба.
6. Разно (прашања и предлози).

По **точка 2** од дневниот ред, **Усвојување на Записникот од четвртата седница на Секретаријатот за РЈА, одржана на ден 20.02.2019 година**, заменик министерот за информатичко општество и администрација го претстави записникот од четвртиот состанок на Секретаријатот, на кој присутните немаа забелешки. Оттука, записникот од четвртата седница на Секретарјатот за РЈА беше едногласно усвоен.

По **точката 3** од дневниот ред, **Разгледување на Првиот годишен извештај за 2018 година за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација со Акциски План 2018 – 2022 година и дискусија,** заменик министерот Александар Бајдевски сумираше дека во текот на првата година од спроведување на Акцискиот план на Стратегијата за РЈА (2018-2022) се изработени повеќе стратегии, информации и други документи кои претставуваат основа и насока за понатамошните чекори во процесот на реформа на јавната администрација, направени се поголем број на ревизии на постоечките закони но се работи и на изготвување на нови законски решенија, а поради потребата од попрецизно мапирање на институциите кои се во опфатот на јавниот сектор изработени се неколку анализи и истражувања. Потоа, Бајдевски им даде збор на координаторите на четирите приоритетни области од Стратегијата за РЈА, за подетално да ги презентираат мерките и активностите кои се преземени изминатата година.

<u>Гордана Г. Димитровска : Координатор на Приоритетена област 1. КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА</u>

Ги запозна присутните со мерките и резултатите со кои поконкретно се определи начинот на постапување на министерствата и другите органи на државна управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа. Исто така, ги истакна преземените активности со кои се зајакнаа капацитетите за стратешко планирање на административните службеници, поврзани се процесите на ПВР и ОСР во целосно заокружен процес на креирање на политики. Во тој контекст, информираше дека е изготвен нацрт прирачник за ПВР и ОСР, како и нацрт програма за обука. Во изминатиот период изработен е и прирачник за номотехнички правила, како и унифицирани обрасци кои ќе ја подобрат работата на институциите од аспект на законодавниот процес.

Во текот на 2018 година поставена е основата за воведување на електронско поднесување на иницијативи и предлози од засегнати страни на ЕНЕР. Зајакната е контролата на ГС на ВРСМ во однос на доследната примена на одредбите од Деловникот за работа на ВРСМ, а се започна и со водење на евиденција во однос на доставувањето на ПВР извештаи и мислења на МИОА по истите, што резултира со зголемен број на предлози на закони доставени за разгледување од страна на Владата, придружени со ПВР извештаи. Истовремено, утврдени се слабостите во внатрешната

организација на ГС на ВРСМ, што би се надминало со спроведување на функционална анализа и подготовка на нови правилници за внатрешна организација и систематизација на работни места, особено од аспект на човечки ресурси.

<u>Билјана Николовска Жагар: Координатор на Приоритетна област 2. ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ</u>

Пред се, им се заблагодари на присутните за придонесот и соработката за изготвување на овој извештај. Истакна дека во оваа година се спроведени мерки и преземени активности, со цел остварување на општата цел - создавање на стручна, професионална и департизирана администрација. За мерење на степенот на остварување на оваа цел е земен индикаторот на Светската банка за ефикасност на Владата. Република Северна Македонија се наоѓа на 58 перцентилен ранг што е пораст за речиси една точка во однос на претходната година на мерење. Согласно извештајот за работа на АА, евидентно е намалување на бројот на жалби и приговори поднесени од кандидатите на одлуките донесени од страна на АА во постапките за вработување и унапредувања. Во изминатата година се работеше на анализа на ЗАС и ЗВЈС со цел измена и унапредување на определени институти од законите, за кои постоеа потешкотии во однос на примената. Со цел јакнење на капацитетите на членовите на комисиите за селекција, а со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, беше спроведена обука за административни службеници кои би биле потенцијални членови на комисиите за селекција. Исто така, има подобрување во системот за оценување на административните службеници, а во текот на 2018 година се преземаа и конкретни чекори за изградба на оперативен и функционален институционален облик за спроведување на обуки за административните службеници. Во текот на 2018 година се презедоа конкретни чекори за изградба на оперативен и функционален систем за спроведување на обуки – Академија за стручно усовршување на административни службеници, која ќе располага со сите потребни капацитети (просторни, технички и човечки) за да обезбеди систематизирано и континуирано усовршување и развој на административните службеници.

<u>Кристина Димовска: Координатор на Приоритетна област 3. ОДГОВОРНОСТ ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ</u>

Целта на мерките и активностите во оваа приоритетна област е воспоставување на отчетност во самите органи на државната управа како и обезбедување одговорност и јакнење на транспарентноста на институциите. Со подршка од УНДП канцеларијата во Скопје се спроведе мапирање на 1300 институции. Сите институции на Република Северна Македонија се мапирани во однос на нивниот вид, подтип, статус, отчетност,

област на делување, функции согласно закон и извор на финансирање. Истите се групирани во сеопфатен Каталог на институции, кој е јавно достапен на веб страната на МИОА. Во рамки на програмата Поддршка на процесот на реформа на јавната администрација, поддржана од страна на Британската амбасада во Скопје, се подготви Методологија за спроведување на функционална анализа во институциите од јавниот сектор. Со цел јакнење на транспарентноста и подобрување на комуникацијата со граѓаните и бизнис заедницата, во 2018 се спроведоа мерки за подобрување на законската рамка за пристап до информации од јавен карактер. Согласно препораките на меѓународната заедница, а со цел надминување на потешкотиите при практична примена на ЗОУП, во текот на 2018 година МИОА презеде серија на мерки за зајакнување на механизмите и капацитетите за обезбедување на ефикасност при спроведување на управните постапки. Со поддршка на СИГМА се спроведе обука на ЗОУП на 4 вработени во МИОА кои ја сочинуваат почетната структура за давање помош и совети при практична имплементација на ЗОУП.

<u>Елена Манчева: Координатор на Приоритетна област 4. ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА</u>

Истакна дека четвртата приоритетна област треба да обезбеди околина за услугите да бидат достапни и дадени на граѓаните и бизнисите на брз, едноставен и економичен начин, со примена на нови технологии и дигитализација.

Во однос на Првиот столб од оваа област, кој се однесува на рационалното инвестирање во развојот на дигиталната средина, Владата на Република Северна Македонија, на предлог на МИОА, свесна за потребата од стратешки пристап во процесот на дигиталната трансформација, потребата за централно координирање на ИКТ проектите и непостоење на долгорочна национална ИКТ стратегија усогласен со Дигиталната Агенда на ЕУ 2020, во февруари 2018 година донесе одлука за формирање на Националниот совет за ИКТ. Националниот совет за ИКТ е надлежен и за изготвување и следење на имплементацијата на Националната ИКТ стратегија, како и за давање на мислење на годишните планови за јавни набавки и на техничките спецификации на тендерските документации на институциите од јавниот сектор, каде што како предмет на набавката е ИКТ опрема и/или софтвер, а чијашто вредност е поголема од 20.000 евра во денарска противвредност. За стручно - оперативна и логистичка поддршка на Советот, се формираше и Оперативно тело од редот на вработени ИТ лица по министерствата/претставници во ИКТ Советот.

Вториот столб од оваа област се однесува на законската рамка, како и стандардите, политиките за електронска комуникација, ИСО 9001 стандардот за управување со квалитет и системите за управување со квалитет. Истакнато беше дека законската рамка која е важечка не е усогласена со еИДАС регулативата, односно дека

досега недостасувала законска рамка за електронските услуги и регистарот на население. Во 2018 година се работеше на нацрт законите за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, нацрт законот за електронско управување и електронски услуги и нацрт законот за централен регистар на население. Подзаконски акти кои произлегуваат од овие закони треба да бидат донесени во рок од 3 месеци од влегување во сила на законите.

Во однос на третиот столб во кој е опфатен начинот на кој ќе се даваат услугите, се работеше на создавање и воспоставување на Каталогот на услуги, порталот за е-услуги, Регистерот на население и Салата за јавни услуги. Во 2018 година со помош на донации од ЕУ, а преку ЦУП, се започна со полнење на податоци за услугите во Каталогот. Останува голем предизвик да се стигне од сите закони кои нудат услуги за граѓаните, а понатаму и за бизнисите, за да се внесат податоците унифицирано во Каталогот. Крајот на 2018 заврши со околу 750 подготвени услуги за верификација, а бројот секојдневно расте. Во изминатиот период започна и верификацијата на услугите од страна на институциите. Во 2018 беа обучени околу 55 верификатори, а обуките ќе продолжат и оваа година. Во однос на порталот за е-услуги, кој пак е ИПА проект како и Регистерот на население, во 2018 се развиени софтверските решенија за истите.

Беше утврдена потребата од понатамошна соработка со МТСП во однос на примена на стандардите за физичка пристапност до институциите. Досега се поставени пристапни рампи/лифтови и/или подвижни платформи во објекти на ОДУ и на 8 железнички станици долж Коридорот 10, како и за потребата од дополнителен состанок за дефинирање на институциите и пасошите на индикатори, за тоа како во иднина истите би се мереле. Истакнато беше дека е потребен и дополнителен состанок со МФ во однос на мерките од првиот столб, за што членот од МФ беше согласен дополнително да се закаже состанокот.

По завршување на обраќањето на координаторите на приоритетните области, заменик министерот за информатичко општество и администрација Александар Бајдевски им даде збор на присутните да дадат свои забелешки во однос на извештајот.

Татјана Трајковска (МФ – член) укажа на потребата од номинирање на член од МИОА на работна група за мерката **„1.2.2 Воведување на механизам за градење на аналитичка основа“** од која произлегува активноста „1.2.2.5. Дефинирање на стандардизирани трошоци за работа на администрацијата (на пр. чинење на подготовка на закон, подготовка и спроведување на обуки, подготовка на прирачници и др.), со цел да се олесни подготвувањето на анализите за фискални влијанија од стратегиите, политиките и законите, чиј носител е Министерството за финансии.

Заменик министерот Бајдевски, кој раководи со Секретаријатот за РЈА, и одговори дека номинацијата од страна на МИОА ќе биде доставена до МФ во текот на истиот ден.

Снежана Нацаковска (СЗ - член) истакна забелешка во однос на извештајот и тоа во точка 1.2.1 Унапредување на ПВР и на законодавниот процес и тоа во делот од извештајот: "СЕП започна активности за изработка на прирачник за анализа на европското законодавство и негово квалитетно транспонирање во националното законодавство." Ги извести присутните дека СЗ има изготвено ваков прирачник и дека се работи на негова ревизија. Сметаат дека овој дел треба да се разгледа и соодветно да се корегира согласно преземените активности.

По **точка 4** од дневниот ред **Реорганизација и оптимизација на органите на државна управа, агенции и инспекциски служби**, заменикот министер Александар Бајдевски и даде збор на Љупка Ивановска.

Во своето обраќање, таа истакна дека МИОА со експерти од СИГМА изработи работна верзија на Анализа на организациска поставеност, надлежност и линии на отчетност на државната управа и другите органи и организации од централната власт, за утврдување на моделот на идната организација на органите. По завршувањето на работната верзија на Анализата и изработката на предлог работната рамка, се изготви предлог за нова организациска поставеност на органите на државна управа, агенциите и инспекциските служби. За целосна реализација и нова класификација и организациска поставеност на органите на државната управа потребно е донесување на нов системски закон за организација на органите на државната управа. Во Законот не би била наведена листа на државни органи, а улогата на министерствата ќе биде јасно дефинирана како на политика и надзор над спроведување на политиката. Во новиот закон ќе се направи разграничување на институциите по функции и тоа: функција на креирање на политики, функција на спроведување на политики и контролна функција. Се планира да се воспостави рамка за секој вид на органи на државна управа, за сеопфатно управување и отчетност, вклучувајќи: критериуми за нивно креирање и избор на најсоодветен вид; критериуми за избор на надлежно министерство кое ќе врши надзор и управување врз органите; обем на организационата и финансиската самостојност и автономија на креирање на политики; мерки за надзор, отчетност и управување кои му се на располагање на надлежното министерство; владина рамка и рамка за управување. Органите на државна управа ќе бидат одговорни на министерствата, а не на целата влада, се со цел зајакнување на улогата и одговорноста на министерствата. Бројот на самостојни државни органи кои одговараат пред Собранието ќе биде ограничен, во согласност со меѓународните стандарди - само органите кои треба да бидат целосно самостојни од Владата ќе одговараат пред законодавната власт. Ќе се воведе посебна постапка за

претходна проценка на потребата за креирање на нови тела. Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии ќе имаат зголемена контролна улога во овој процес.

По **точка 5** од дневниот ред **Висока раководна служба,** заменик министерот Александар Бајдевски ги извести присутните дека е изготвен нацрт закон за Висока раководна служба (ВРС), а за подетални информации и даде збор на Билјана Николовска Жагар.

Присутните беа известени дека Нацрт-законот за ВРС е поставен на ЕНЕР. Во однос на овој закон веќе е направена презентација за невладините организации и академската и меѓународната заедница во Клубот на пратеници, а на 7 јуни 2019 се очекува истиот да биде презентиран и пред пратениците на Собранието на Република Северна Македонија. Во изминатиот период е одржана работилница на која се работеше на концептот на подзаконски акти. Со овој закон се прави голем исчекор во насока на професионализација и департизација на администрацијата, а целта е поставување на јасни критериуми, како и транспарентност при изборот и разрешувањето на раководителите на институциите. Комисијата за ВРС ќе биде составена од пет члена а нивниот избор ќе се врши на фер и транспарентен начин преку јавен оглас во Собранието на РСМ. Условите за да се стане член на оваа комисија се доста високо поставени, но основно е дека истите не смеат да подлежат на политички или било каков друг притисок. Откако ќе биде избрана, комисијата за ВРС ќе формира одбори за селекција на високи раководители и ќе раководи со постапката на селекција на високите раководители. Секој висок раководител ќе се избира преку индивидуализирана процедура. Законот сеуште е во работна верзија и се истакна дека се очекува од институциите да дадат коментари по нацрт законот како би можеле да се корегираат недостатоци и да се унапредат предложените решенија.

По **точка 6 Разно**, заменик министерот Бајдевски најави дека многу скоро ќе биде одржана нова тематска седница на Секретаријатот за РЈА, со главен фокус на степенот на имплементација на мерките и активностите предвидени за спроведување во првата половина на 2019 година, со цел пресретнување на предизвиците, но и навремена подготвка на полугодишниот извештај за спроведување на Акцискиот план за 2019 година.

На крајот, им ја најави на присутните следната седница на Советот за РЈА, на која ќе биде предложен на усвојување првиот годишен извештај за спроведување на СРЈА (2018-2022) со Акциски план како точка на првата наредна седница на ВРСМ, за што побара од членовите на Секретаријатот соодветно да ги избрифираат членовите на Советот.